РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-366/1
20.02. 2017 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) Градоначалникот на општината Крива Паланка го донесува следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат правните и физичките лица дека се распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на општината Крива Паланка за 2017 година**

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) во првиот квартал од 2017 година.

- Во периодот од 31 ден сите заинтересирани правни и физички лица можат да достават иницијативи за изработка на урбанистички планови од членот 7, став 1, точка 2, алинеи 2, 3 и 4 од горенаведениот Закон;
- Јавниот повик ќе трае од 21.02.2017 година до 23.03.2017 година сметано од денот на објавата во дневниот весник „Нова Македонија;
- Јавниот повик ќе биде објавен и на веб страната на општината Крива Паланка, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службено гласило на општината Крива Паланка.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма преку архивата на општината Крива Паланка до одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во горенаведениот рок.
- Комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативите ќе одлучи по секоја поднесена иницијатива и ќе го извести подносителот на иницијативата за прифаќање, односно неприфаќање на истата со образложение, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма;
- Прифатените иницијативи од јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општината Крива Паланка за 2017 година.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Градоначалник**
**Дипл.правник Арсенчо Алексовски**